**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**
**Бр.05-2371**
**10.10.2016 година, Скопје**

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002 и 82/2008, 167/2010 и 51/2011"),и член 40-б став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**за користење на угостителските услуги кои што се плаќаат од Буџетот на Секретаријатот за европски прашања**

1. Со ова Решение се определуваат видот, обемот, корисниците и начинот на користење на угостителските услуги кои што се плаќаат од Буџетот на Владата на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања.
2. Под угостителски услуги на ова решение, се подразбираат нарачките од храна подготвени, односно кои се служат во ресторанитe и бифињата на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, како и други деловни субјекти со кои Службата за општи и заеднички работи има склучено договор за угостителски услуги за потребите на органите на државната управа.

   Под угостителски услуги се подразбираат и сите видови на топли и ладни пијалоци (овошни и газирани сокови, природни сокови и минерална вода), напитоци (кафе, чај, јогурт и млеко) кои се служат во објектите од став 1, точка 2 од ова Решение.

   Под угостителски услуги се подразбираат и нарачките од храна, алкохолни, топли и ладни пијалоци, напитоци и десерти, кои се служат и во други угостителски објекти во Република Македонија и во странство, заради службени потреби.
3. Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања (ЗПВРМ) и државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања, во текот на извршувањето на службените активности, согласно службените потреби и во рамките на утврдените средства во Секретаријатот за европски прашања, користат угостителски услуги во ресторанитe и бифињата на Службата за општи и заеднички работи, други деловни субјекти со кои Службата за општи и заеднички работи има склучено договор за угостителски услуги за потребите на органите на државната управа, како и во други угостителски објекти во земјата и странство.
4. Корисниците на угостителските услуги од точка 3 на ова Решение, или друго овластено лице од ЗПВРМ, за коритење на угостителската услуга обезбедуваат писмен документ (спецификации, сметка, фактура) во кој што е наведен видот, обемот, датата на користење на услугата, карактерот на службената потреба (работни состаноци, делегација, одбележување на значајни датуми и слично) и потпис на корисникот и

овластеното лице.

Кога корисниците на угостителските услуги од точка 3 на ова Решение или лицата овластени од ЗПВРМ, плаќањето на извршената услуга го вршат со службена деловна картичка, должни се да обезбедат писмен документ од став 1 на точка 4 од ова Решение.

Корисниците на угостителските услуги од точка 3 на ова Решение, користат угостителските услуги од точка 2, став 1 и 2 од ова Решение во своите службени простории, за што деловниот субјект-давател на услугите со кој Службата за општи и заеднички работи има склучено договор за угостителски услуги за потребите на органите на државната управа, е должен за секоја нарачка да издава спецификација (парагон-блок), чија што содржина со свој потпис ја потврдуваат техничките секретари или други лица овластени од избраните и именуваните лица.

5. Административни службеници во Секретаријатот за европски прашања чија работа бара поинтензивни службени комуникации и активности, имаат право во текот на месецот, да ги користат угостителските услуги од став 1 и став 2 точка 2 на ова Решение за службени потреби, на сметка на Секретаријатот за европски прашања, најмногу до следниот износ:

- државните советници ........................................ 5.000,00 ден.
- посебните советници........................................ 4.000,00 ден.
- кабинетските службеници........................................ 4.000,00 ден.
- раководители на сектор ........................................ 3.000,00 ден.
- помошници раководители на сектор ........................................1.500,00 ден.
- раководители на одделенија ........................................1.500,00 ден.

Административни службеници, наведени во став 1 од оваа точка, нарачките ги вршат лично и по извршувањето на угостителската услуга, издадената спецификација (парагон-блок) задолжително ја потпишуваат.

Корисниците на угостителските услуги од точка 3 на ова Решение, користат угостителските услуги од точка 2, став 1 и 2 од ова Решение во своите службени простории, за што деловниот субјект-давател на услугите со кој Службата за општи и заеднички работи има склучено договор за угостителски услуги за потребите на органите на државната управа, е должен за секоја нарачка да издава спецификација (парагон-блок), чија што содржина со свој потпис ја потврдуваат техничките секретари или други лица овластени од избраните и именуваните лица.

Покрај наведените лица во став 1 од оваа точка, Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, може да овласти и други лица од Секретаријатот за европски прашања да ги користат угостителските услуги од точка 2 од ова Решение.

6. Кога заради службени потреби, вработените во Секретаријатот за европски прашања се должни да извршуваат службени работи најмалку два часа подолго од полното работно време, имаат право и на угостителска услуга од точка 2 на ова Решение во износ до 150,00 денари по работник.

Користењето на правото од став 1 од оваа точка, го утврдува Заменик претседателот на Влата на Република Македонија, државен секретар или друго овластено лице од ЗПВРМ, односно раководителот на секторот, односно организационата единица, кој што за истото издава писмено одобрение со претходна согласност на Заменик претседателот на Владата на Република Македонија, државниот секретар или друго

овластено лице од ЗПВРМ.

7. Во исклучителни случаи, лицата наведени во точка 5 од ова Решение, како и други лица од Секретаријатот за европски прашања, угостителските услуги наведени во точка 2 на ова решение, можат да ги користат и во други угостителски објекти во земјата и странство и над утврдениот износ, по писмено одобрение издадено од Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања или друг овластен потписник на Секретаријатот за европски прашања, за услугите што се користат во други угостителски објекти и над утврдениот износ од точка 2 став 3.

8. Во случај на непочитување на утврдените износи и постапката за користење на угостителските услуги, лицата наведени во точка 5, 6, и 7 од ова Решение, направените трошоци сами ги надоместуваат.

9. Се задолжува Секторот за финансиски прашања корисниците на угостителските услуги и Службата за општи и заеднички работи да ги запознае со содржината на ова решение.

   Секторот од став 1 на оваа точка, во соработка со Службата за општи и заеднички работи, е должен да го следи спроведувањето на ова решение и еднаш месечно да доставува известување до Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања на Секретаријатот за европски прашања, и друго овластено лице (овластен потписник).

10. Со стапувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението со бр. 416 од 22.02.2006 и 05-2531/1 од 03.09.2007.

11. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Dr. Arbr Ademi**

**Заменик претседател на Владата**
**задолжен за европски прашања**

Подготвил: Илинка Делева
Контролирал: Мевљан Мемети
Согласил: Даут Хајрулахи
Одобрил: Ана Блажеска

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Архива
- сите вработени